Врз основа на член 54 став (1) точка 1.21, член 77 од Законот за енергетика* ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/25 и 135/25) и член 27 став (3) од Правилникот за лиценци („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 40/26), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 24 април 2026 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ПРОБНА РАБОТА**

1. Се продолжува лиценцата за пробна работа од фотонапонска електроцентрала ФЕЦ "СОЛАРГЕО 2" издадена на Друштвото за производство, трговија и услуги СОЛАРГЕО ДООЕЛ увоз-извоз Скопје со Одлука за издавање на лиценца за пробна работа ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 19/26).

2. Во Прилогот, во точка 4 зборовите "26 април 2026 година" се заменуваат со зборовите "26 јули 2026 година".

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија" и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

**О б р а з л о ж е н и е**

Друштвото за производство, трговија и услуги СОЛАРГЕО ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, со седиште на ул. „Љубљанска" бр.5, Скопје - Карпош (во понатамошниот текст: Друштво), на 20 април 2026 година до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика), поднесе Барање за продолжување на лиценца за пробна работа за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од фотонапонска електроцентрала ФЕЦ "СОЛАРГЕО 2", УП1 бр.12-153/26 од 20 април 2026 година (во понатамошниот текст: Барање).

Регулаторна комисија за енергетика, на Барање на Друштвото, соодветно има донесено Одлука за издавање на лиценца за пробна работа ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 19/26).

Друштвото го достави Барањето и потребната документација наведена во Прилог 1, Образец БЛ 21 од Правилникот за лиценци. Друштвото го комплетираше барањето на 22 април 2026 година.

Покрај другото, Друштвото достави Изјава од Гео Ком ДОО Делчево од 16 април 2026 година како надзор на градбата со која изјавува дека правното лице СОЛАРГЕО ДООЕЛ увоз извоз Скопје, има потреба од продолжување на лиценцата за пробна работа поради дополнително тестирање на опремата, бидејќи сеуште се врши тестирање на инверторите и синхронизација со мрежата.

Регулаторната комисија за енергетика утврди дека поднесеното Барање е потполно и согласно член 5 став (4) од Деловникот за работа со Решение бр. 02-644/1 од 24 април 2026 година, одлучи да се одржи седница за донесување на оваа одлука без одржување на подготвителна седница.

Регулаторната комисија за енергетика на 24 април 2026 година одржа седница на којашто врз основа на член 54 став (1) точка 1.21, член 77 од Законот за енергетика* и член 27 став (3) од Правилникот за лиценци, донесе Одлука за продолжување на лиценца за пробна работа на фотонапонска електроцентрала ФЕЦ "СОЛАРГЕО 2" издадена на Друштвото за производство, трговија и услуги СОЛАРГЕО ДООЕЛ увоз-извоз Скопје.

Имајќи го предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на приемот.

**УП1 бр.12-154/26**
**24 април 2026 година**
**Скопје**

**Претседател**
**на Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија**

**Ацо Ристов**